Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05....... 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 17.02.2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање на донација – Финансиски средства на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Кавадарци дава донација - финансиски средства во износ од 2.600.000,00 денари на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија Скопје, со седиште на ул."Булевар Партизански Одреди" бр.12 Скопје, за уредување на партерно – дворно место на Полошкиот манастир, "Св. Вмч Георги", заради остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес, уредување на просторот, развојот на граѓанското општество, согласно член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 05/2002).

### Член 2

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како давател на донацијата да склучи Договор за донација со примателот на донацијата согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

### Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-888/4**
**17.02.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**